**Извештај од форумите “Свесност на партиите и одговорност на младите за време на избори“ одржани во: Куманово, Струмица, Штип, Битола, Скопје и Тетово**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид од 2007 година, соработува со политичките партии во Република Македонија со цел отварање на конструктивни дебати на кои што што партиите ги изразуваа своите предлози и сугестии во однос на меѓусебниот однос и како истиот да се подобри и подигне на повисоко ниво. Од 2010 година, Инстиутот Охрид преку проектот: “Политички дијалог помеѓу младите политичари во Република Македонија“ започна да работи со подмладокот на политичките партии во Македонија. Младите политички активисти, идните лидери од 18 политички партии учествуваа на три последователни форуми чија цел беше да се изгради поуспешен дијалог и комуникација помеѓу младите политичари во Република Македонија.

2011 година е многу важна година за Република Македонија, бидејќи ја очекуваат предвремени парламентарни избори на 5 јуни и сите очи се вперени кон нас и способноста да се организираат фер, демократски и мирни избори. Бидејќи младите политички активисти се најангажирани за време на изборните процеси, Институтот Охрид започна со идејата за имплементација на проект со наслов “Свесност на партиите и одговорност на младите за време на избори“ кој се состоеше од 6 тркалезни маси во 6 различни градови во Република Македонија, на кои што присуствува претставници од младинските ограноци на политичките партии и дискутираа за подигнување на свеста кај младите политичари, издигнување на политичката култура и дијалог меѓу нив, одговорноста на младите

активисти за време на изборите и се разбира можноста за отварање нови иницијативи и предлози за надминување на разликите со цел за организирање успешни избори во Република Македонија. Понатаму, дискутираа на зададените теми и се обидуваа да бидат колку што можат поконструктивни, во духот на соработката и изнаоѓањето решение за излез од недостатокот на комуникација, како и за подигнување на нивото на политичка култура која несомнено е еден од најголемите фактори за забавување на политичките процеси во Република Македонија. Главни актери, односно учесници на овие форуми беа младите политичари од Куманово, Струмица, Штип, Битола, Скопје и Тетово. Во сите шест градови, се одржаа тркалезни маси на кои беа собрани младите претставници од осумнаесет различни политички партии кои се застапени во тој град, регион или таа изборна единица.

Тркалезните маси беа водени од страна на имот на Институтот Охрид и г-динот Андреас Рааб, член на Извршниот одбор на Институтот Охрид а воедно и врвен експерт во областа на мониторинг и набљудување на избори, како и поранешен член на ОБСЕ и ОДИХР мисијата во Скопје. Г-динот Рааб во текот на неговото излагање ја потенцираше важноста за организирање на фер, демократски и мирни избори во Република Македонија и нејзините придобивки од успешноста на изборите како и за фактот дека младите имаат голема улога и се директно инволвирани за време на изборната кампања и на денот на изборите. Покрај г-динот Андреас Рааб свое учество на тркалезните маси имаа и г-динот Харалд Шенкер политички аналитичар, поранешен член на мисијата на ОБСЕ и ОДИХР мисијата и дел од тимот кој беше надлежен за набљудување и оценување на последните два циклуси на избори во Република Македонија. Насоката на неговото излагање беше во однос на неправилностите на изборите и за тоа кои аспекти треба да се променат и на што треба да се фокусира а што да одбегнува Република Македонија со цел да добие позитивни оценки во следниот извештај на ОДИХР.

Свој придонес кон дебатата и иницирањето дијалог даде и г-ѓата Даниела Димитриевска од Македонското женско лоби, која говореше за застапеноста на жените и младите во кандидатските листи, за родовата рамноправност во Република Македонија и за активноста на младите и нивните права.

Тркалезните маси опфатија преку 200 претставници од младинските ограноци на партиите од различни етнички и идеолошки позадини. Младите претставници добија шанса отворено да дискутираат и разговараат меѓу себе на теми кои се значајни пред се за нив, како идни донесувачи на одлуки во Република Македонија, но и теми кои се важни за подигнување на општото ниво на свест кај младиот човек како дел од идната, новата генерација која е всушност иднината на оваа држава. Покрај тоа, младите преку дискусиите и размената на мислења, полека почнаа да го рушат блокот на некомуникација и почнаа да го градат политичкиот дијалог помеѓу новата генерација политичари, а тоа значи и подигнување на политичката култура. Младите покажаа извонредна конструктивност, покажаа потреба за ваков дијалог и желба за дискусии и превземање на конкретни иницијативи. Предизборниот проект, "Свесност на партиите и одговорност на младите за време на избори,, покажа дека младите политички активисти се и повеке од заинтересирани и засегнати за клучните прашања на нашата дебата и дадоа значителен придонес кон иницираните дискусии.

Првиот форум и првата тркалезна маса се одржа во Куманово. Се дискутираше на голем број прашања од кои најдискутирани беа прашањата за улогата на младите активисти во изборните кампањи и самиот изборен процес, дали кодот на однесување го поставуваат лидерите на партиите и се однесува на сите партии? Понатаму се постави и прашањето кои се разликите на добро и лошо однесување за време на изборите? Неколку примери за фер однос во политичка кампања беа дадени, а се говореше и за улогата на секој млад преставник од политичките партии. Она што навистина беше потенцирано е дека е многу погрешно ако младите континуирано слушат само наредби на изборите и нивниот потенцијал и знаење многу ретко или воопшто не се земени во предвид. Но, сепак беше потврдено дека се зависи од самите млади и дека тие се тие кои треба да одлучат за својата иднина и да го користат својот потенцијал најдобро што можат и да не дозволат да бидат искористувани. Младите кажаа дека многу полесно ќе се пробијат со своите профили, само ако се обединети сите заедно, а со тоа ќе се придонесе и Европа да биде позаинтересирана за нас. Исто така, беше нагласено дека е потребна многу поголема комуникација и кооперативност помеѓу сите политички партии, бидејќи на тој начин многу полесно и побрзо би се организирале фер и демократски избори, би се спречиле инцидентите и би се надминале разликите и недоразбирањата кои постојат меѓу политичките

партии. Беше дадена иницијатива, односно конкретен предлог за одржување Марш на мирот, точно пред избори кој би ја пренел пораката за одржување мирни, фер и демократски избори.
Од причина што сите мораа да добијат одобрение од своите лидери-сениори, и покрај тоа што сите се сложија за оваа иницијатива никој не потврди учество ниту пак се отвори дискусија за вистинска имплементација на истото.
Куманово е општина со различни идеологии, луѓе од различно етничко потекло и различни политички партии. Како што беше кажано од големо значење е да се пронајде начин да се комуницира, да се најде заеднички јазик. Учесниците на форумот дадоа предлог повторно пред избори да се одржи оваа тркалезна маса за како што спомна еден од учесниците да не се заборават сите договори кои се направија.
Форумот заврши со желба почесто да се организираат вакви настани, на кои младите ќе имаат можност да се искажуваат, но и за да не се заборави она што претходно било потенцирано и договорено.
На вториот форум организиран од Институтот Охрид кој беше одржан во Струмица, учество земаа млади претставници од десеттина политички партии кои се активни во таа изборна единица. Повеќето од младите политичари истакнаа дека имаат одлична соработка како на професионално така и на лично ниво, но сепак доаѓа до мешање на приватниот и професионалниот живот каде што има меѓусебно напаѓање и препукување. Својот глас го искажаа и помалите етнички партии и притисокот кој се врши врз нив за време на изборната кампања. Понатаму, младите ја истакнаа својата желба да бидат присутни и тие да бидат дел од изборните процеси, бидејќи чувствуваат потреба да придонесат кон развојот на демократијата во Република Македонија и дека е жалосно што денешните политичари се политичари на приход и кои се раководат според системот на cash and carry. Форумот во Струмица опфати дневно политички теми кои се иницијатор за несогласувањето на младите од различните партии. Она што беше интересно за потенцирање е демократскиот пристап на младите од двете најголеми политички партии кои се договориле за времето и просторот на вршење активности и дејствување за време на кампањата што би довело до избегнување на конфликти помеѓу своите активисти.
Дебатата заврши со договор за демократско и фер однесување помеѓу подмладоците од политичките партии и дека изборните

кампањи и самиот изборен процес нема да се користи за дискредитација на младите политички активисти.
По форумот во Струмица, следна беше тркалезната маса во Штип, каде што се забележа активна поддршка за што поголемо учество на жените во политичкиот живот на Република Македонија и нивна поголема застапеност на кандидатските листи. Исто така беше потенцирана потребата за поголема еманципација на жените со цел да се изборат за своите права кои се легитимни и им припаѓаат само ним, како и да се вложи поголема борба за искоренувањето на групното и семејно гласање кои ја негира улогата на жената како учесник во демократските процеси. Се нагласуваше дека комуникацијата не е на високо ниво и дека има неформална комуникацијата на социјалните мрежи, но за жал таа е искористена во погрешни цели и не е воопшто конструктивна. Се даде и критика за притисоците за време на предизборните кампањи и дека тие се дамка за секое демократско општество. Како би можело да се има успешна комуникација потребно е партиите да организираат трибини на интерно ниво каде ќе се врши едукација на младите политички кадри што е еден огромен чекор понапред за подобрување на политичката култура во Република Македонија, која е далеку од завидно ниво. Заклучокот кој беше донесен е дека ваквите трибини и форуми треба да се искористат најмногу што може бидејќи младите имаат уште многу да учат и да се надоградуваат а ваквите дебати придонесуваат за таквата надградба.
Четвртиот форум се одржа во Битола, која се покажа како една од поуспешните дебати. Пред се, беше истакната улогата на еден човек во едно слободно и демократско општество, дека не смеат да постојат поделби и дека сите луѓе се исти, без разликата на нивната национална, верска или партиска припадност. Беше дискутирано дека желбата на секој млад човек е речиси идентична, дека секој млад човек тежнее кон просперитет, соживот, перспектива, влез во ЕУ и иднина која ветува. Беше дадена критика за ставот дека иднината е на младите и дека молчењето е злато со објаснувањето дека не треба само идината да е на младите, туку и сегашноста треба да биде нивна и дека во никој случај, тие не треба да молчат, бидејќи молчењето не е злато, напротив, молчењето ги поттиснува младите, а тие не смеат и не треба да бидат послушници на нивните лидери. Но беше и поставено прашањето дали младите се борат со ветерници и дали нивната борба за независност е донкихотовска борба и колкави се шансите таа борба да не е однапред изгубена? Беше изразено и незадоволството заради притисоците и навредите

кои го окупираат виртуелниот простор на социјалните мрежи. Младите дадоа до знаење дека знаат што сакаат и дека знаат кои се нивните цели и дека треба да се организираат почесто средби на кои ќе можат да се иницираат случувања и проекти за соработка меѓу нив. Сите стоеја на ставот дека на Република Македонија највеќе и се потребни фер, демократски  и успешни избори од кои ќе профитира целото општество во однос на позитивните оценки кои би биле чекор напред кон евроатланските интеграции на Република Македонија. Кон крајот беше дадено уверување дека на овие предизборни кампањи, политичките млади активисти ќе се водат по принципот: "Внимавај на другиот" и дека нема да има притисоци, заканувања, уништување на пропагандни материјали и слични негативни активности, туку секоја партија ќе се грижи за другата.
Младите политичари во Битола покажаа дека можат да комуницираат, можат да соработуваат и да бидат конструктивни во однос на нивниот дијапазон на моќ. Покажаа одлично ниво на дискусија со конструктивен критицизам и конструктивни решенија кои би вродиле со плод. На предлог на една партија, а воедно со согласност на сите останати се донесе иницијатива за потпишување меморандум за одржување фер избори помеѓу младите политичари. Меморандумот претставува еден чекор понапред кон зацврстување на демократскиот круг помеѓу младите политичари и нивните активисти.

Претпоследниот форум беше одржан во Скопје, каде што желбите и интересите на младите членови речиси беа идентични и појаснети, каде беше дадена иницијативата дека младите треба да имаат заедничка платформа и соработка. Беше истакнато дека голема штета е што државата не вложува многу во младите, во нивната надоградба и политичка едукација. Иако има некои обиди за таква едукација, сепак тоа не е доволно. Беше предложен и фонд за едукација, кој би бил од голема важност и придонес за младите луѓе во едно демократизирано и модерно општество.  Беше иницирано да има соработки меѓу младите без потреба од медијатори и дека тие самите треба да се организираат и да соработуваат меѓу себе. Исто така беше истакнато дека сите се граѓани на Република Македонија и дека не смее да има поделби врз основа на етникумот, затоа што сите ги делат истите права и одговорности пропишани со Уставот на Република Македонија.
Дискусијата во Скопје зема погрешна насока и иако се очекуваше дека овие политичари кои воедно се активни во најголемиот град во

Македонија и сносат поголеми обврски ќе бидат поконструктивни и ќе дадат конкретни иницијативи во однос на темата, но тоа не беше случајот.

Дебатата заврши со заклучокот дека сите партии ја имаат истата одговорност за организирање на фер, демократски и мирни избори и дека голем дел од одговорноста ја имаат токму младите и дека тие треба да започнат со подигнување на свеста за значењето на изборните процеси како процес од кој Република Македонија би можела да излезе како позитивен пример и да добие поголеми поволности како на локално така и на меѓународно ниво.

Последниот од низата форуми, беше одржан во Општина Тетово, каде се дискутираше на повеќе теми и каде беше изразена загриженоста за нерегуларностите од минатите изборни циклуси во Тетово, како и тоа дека овие избори се од исклучителна важност и дека младите политички активисти мора да изнајдат креативни начини за помош при организирање на фер, мирни и демократски избори. Иако беше изјавено дека нема конфликти и дека младите политички активисти имаат пријатели од другите политички опоненти, сепак беше истакнато дека демократијата во Република Македонија нема да важи и нема да стапи во сила, се додека младинските страни не соработуваат. Беше покрената и иницијатива за меморандум на разбирање за една мирна и демократска кампања. Желбата на младите за успешни избори беше заедничка и имаше согласување дека тоа е во заеднички интерес на сите и во духот на демократски, фер и слободни избори се организираат и семинари и неформални дебатни клубови. Повеќето од партиите истакнаа дека нивната младина е организирана и средена, но имаше и препорака дека за да се дефинира проблемот, мора прво да постои дијалог. Повеќето од младинските ограноци веќе имаат демократски договор за текот на кампањите и пропагандните материјали, што според нив е доказ дека дијалог и комуникација е сосема возможен и може да биде на високо ниво. Проблемот беше лоциран во послушноста на младите кон сениорите, чии идеи се прифаќаат без размислување и спротиставување, а младите се тие кои истовремено ги превземаат и одговорностите на сениорите. Во контекст на ова, беше истакнато дека младите се премногу слаби и не можат да се спротистават на сениорите, односно дека спротиставувањето е многу тешко. Имено, треба да се направи исчекор и да не се зимаат за примери сениорите бидејќи тие се они кои се актери во извештаите на ОБСЕ.На крај се дојде до заклучок дека младите треба да ги поддржуваат идеите на своите лидери, треба да работат за нив и со нив, но сето она што се

смета за погрешно, на сите нерегуларности и идеи кои воопшто не се во прилог за целиот народ  треба да им се спротистават со конструктивни иницијативи и позитивни предлози кои би донеле за добробит на сите актери во демократското општество.

Форумите низ Република Македонија отворија многу прашања и дадоа еден позитивен исчекор за дискусија и понатамошна соработка помеѓу новата генерација лидери во Македонија.
Како што кажа и г-динот Андреас Рааб: „Вие сте новите европски политичари, првите политичари што ќе бидат на власт во европски интегрирана Република Македонија, затоа треба и да се научите така да се однесувате и да соработувате“.

Институтот за економски стратегии меѓународни односи Охрид е презадоволен од  учеството и амбициозноста на младите луѓе и нивната решеност да ги надминат разликите, како од нивната флексибилност за брзо решавање на несогласувањата. Младите политички активисти докажаа дека имаат зрелост да дискутираат и смирено да ги разгледаат опциите за подобрување на општествената ситуација во Република Македонија, а покажаа и заеднички цврст став во нивната решеност да се организираат фер, демократски и мирни избори, без да се повторуваат грешките од минатото, туку да се фокусираат на иднината.

Она што е од особена важност е што постои заинтересираност и барање за продолжување на овие форуми и во иднина.
Институтот Охрид се надева на понатамошна плодна и успешна соработка со младината и иднината на Република Македонија.

* * *

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk